# 435. СЕЈАЛ СИ ДЕДО ЛЕЈА БОСИЛОК




Сејал си дедо леја босилок,
му се научиле до три девојки,
дедо си ги фанал трите девојки.
Дедо Петре де, де, де.......

Втората вели, пушти ме мене,
пушти ме мене, јазе сум попова.
- Ако си попова, арно си готова.
Дедо Петре де, де........

Првата вели, пушти ме мене,
пушти ме мене, јазе сум ти внука.
- Ако си ми внука, арно си ми тука.
Дедо Петре де, де........

Трећата вели, пушти ме мене,
пушти ме мене, татко ми е паша.
- Ако си на паша, ич не му се плаша.
Дедо Петре де, де.......